

99
Декември 2020

# S-WORK

## 17-ТИ ДЕКЕМВРИ

МЕЃУНАРОДЕН ДЕН ЗА
СТОП НА НАСИЛСТВОТО ВРЗ
СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ




# 17-ТИ ДЕКЕМВРИ

## МЕЃУНАРОДЕН ДЕН ЗА СТОП НА НАСИЛСТВОТО ВРЗ СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

Оваа година, по 13-ти пат се приклучуваме кон глобалното одбележување на 17-ти декември, Меѓународниот ден за борба против насилството врз сексуалните работници. Овогодинешната кампања ја посветуваме на борбата против насилството и дискриминацијата со кои нашата заедница се соочува, особено во кризни ситуации како што е актуелната состојба со КОВИД-19 пандемијата.




Свесни за проблемите со кои се соочуваме за време на КОВИД-19 пандемијата и сакаме да испратиме порака до институциите за сериозноста на здравствената ситуација во која се наоаѓаме, за негативното влијание на КОВИД-19 врз повеќе сегменти од нашите животи, вклучувајќи ја менталната, здравствената, социјалната и економската благосостојба, оставајќи не во сиромаштија и изолација, без никаква поддршка од владините институции.

Ние како особено ранлива популација на КОВИД-19, бараме вклучување во владините социо-економски мерки за заштита, пристап до соодветни заштитни здравствени услуги со цел превенција на ширење на вирусот, уживање на работничките права подеднакво, полесен пристап до социјална помош, како и сузбивање на стигмата, неправдата и дискриминацијата која е присутна во нашата зеедница од повеќе аспекти.

Оваа година, грижејќи се за сопственото и јавното здравје, нема да го организираме традиционалниот Марш на црвениот чадор, меѓутоа јасно и гласно ќе ги потенцираме нашите потреби и барања до институциите во насока на заштита и поддршка на сексуалните работници во Република Северна Македонија.

Меѓународниот ден за СТОП на насилството врз сексуалните работници за прв пат беше одбележан во 2003 година, како спомен и бдеење за жртвите на убиецот од Грин Ривер во Сиетл, Вашингтон. Оттогаш, со одбележување на овој ден им се овозможува на сексуалните работници ширум светот да се здружуваат и со заеднички сили да се борат против дискриминацијата и насилството.



# Конкретни препораки и барања до институциите во насока на заштита и поддршка на сексуалните работници во Република Северна Македонија за време на КОВИД-19

КОВИД-19 пандемијата придонесе кон зголемување на многубројните здравствени и социјални нееднаквости помеѓу ранливите популации како што се секуалните работници/-чки. Сексуалните работници во голема мера го чуствуваат негативното влијание на КОВИД-19 врз повеќе сегменти од нивниот живот, врз нивната ментална, здравствена, социјална и економска благосостојба, како и потежок пристап до услугите поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје.

Дополнително, рестриктивните мерки од страна на Владата за време на пандемијата, влијаат врз намалување на бројот на клиенти и губење на приходите придонесувајќи кон уште поголема економска несигурност кај оваа маргинализаирана и економски несигурна популација. Дополнително, постоечките законски казни, политики и воспоставената пракса на непризнавање на сексуалната работа како работна дејност, не само што во услови на здравствена криза ја онеспособуваат економската моќ на сексуалните работници/-чки, туку ја зголемуваат и нивната ранливост на КОВИД-19. Во услови кога сексуалната работа не е конкретно правно регулирана и признаена како дејност, сексуалните работници не се во можност да ги користат економските мерки кои важат за останатите стопанства и индустрии, не можат да работат во здравствено контролирани околоности кои овозможуваат заштита и придонесуваат кон спречување на ширење на пандемијата. Иако постои релативно висока свест за националните мерки за намалување на последиците од КОВИД-19, опфатот со овие мерки помеѓу учесниците/-чките е ограничен. Затоа, потребно е да се препознаат сексуалните работници/-чки како особено ранлива популација на КОВИД-19 и последиците од КОВИД-19 и да се формулира пакет социо-економки мерки со цел таргетирана поддршка на оваа заедница.

Ова се конкретните препораки и барања до институциите во насока на заштита и поддршка на сексуалните работници  во Република Северна Македонија, особено за време на кризни состојби:

- Да се препознаат сексуалните работници/-чки како особено ранлива популација на КОВИД-19 и последиците од КОВИД-19 и да се формулира пакет социо-економки мерки со цел таргетирана поддршка на оваа заедница.
- Да се обезбеди непречено фунционирање на услугите и програмите за ХИВ, намалување на штети и превенција и  поддршка на жртви на насилство за време на пандемијата.
- Да се прилагоди Националната програма за превенција од ХИВ во услови на пандемија земајќи ги предвид здравствените и социо-економските влијанија на КОВИД-19 врз сексуалните работници/-чки со цел континуирано обезбедување квалитетни и достапни услуги за клучните популации и во услови на криза.
- Хормонскиот третман треба да биде класифициран како витален и да се обезбеди непречен пристап до истиот за време на пандемијата.
- Граѓанските организации да бидат препознаени како клучни партнери во креирањето на националниот одговор за време на кризата, да бидат вклучени во процесите за донесување одлуки и да бидат финансиски поддржани.
- Да се препознае сексуалната работа како работа. Да се обезбедат работнички права на сексуалните работници/-чки и да се обезбеди здравствена и социјална заштита за време на криза.

* Извадок од истражувањето „Влијанието на КОВИД-19 пандемијата врз менталната, здравствената, социјалната и економската благосостојба врз сексуалните работници/-чки во Република Северна Македонија на Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје.

nswp

Global Network of Sex Work Projects
Promoting Health and Human Rights

# Истражувачки документ на Глобалната мрежа на проекти за сексуални работници (ГМПСР): Универзална здравствена покриеност за сексуалните работници

Универзалната здравствена покриеност е една од целите на ОН за одржлив развој до 2030 година. Универзалната здравствена покриеност има за цел да им обезбеди на сите луѓе здравствена заштита, што значи дека сите луѓе и заедници можат да користат промотивни, превентивни, терапевтски, рехабилитативни и палијативни здравствени услуги, кои треба да се со доволен квалитет, да бидат ефикасни, а истовремено корисникот да не го изложува на финансиски трошоци.

Сепак, во многу делови од светот, здравствените услуги и пристапот до здравствените услуги остануваат крајно лоши, особено за криминализираните и маргинализираните популации, како што се сексуалните работници и други клучни популации.  Сега постои можност, не само да се поттикнат националните влади да ги влучат сексуалните работници  во развојот на владините пакети со мерки за Универзална здравствена покриеност, туку и да се спроведе проактивна реформа во кривичниот закон за да се осигура дека здравствените услуги ќе бидат реалност за сите до 2030 година.

Во овој истражувачки документ на  Глобалната мрежа на проекти за сексуални работници (ГМПСР) се испитуваат импликациите на УЗП, конкретно за сексуалните работници во повеќе земји, членки на мрежата.  Истражувањето се базира на досегашните искуства на сексуалните работници на државно ниво, кои се соочуваат со големи предизвици во пристапот до здравствени услуги и вклучува препораки за тоа како стратешки да се вклучат во процесите и структурите на УЗП.

Истражувањето е спроведено во седум земји, со претходна е-консултација со организациите членки на ГМПСР, интервјуа со клучни информатори од меѓународните здравствени организации, како и организирање дискусии помеѓу фокус групи на женски, машки, трансродови сексуални работници, мигранти, корисници на droги  итн., од организации предводени од сексуални работници, вклучувајќи ја и СТАР-Прв колектив на сексуални работници на Балканот.

Информациите споделени во консултациите, само го потврдија она со кое сексуалните работници се соочуваат при пристапот до здравствена заштита и услуги, а тоа се стигмата и дискриминацијата. Дел од испитаниците го споделија нивното искуство на систематско исклучување и маргинализација, како и разочарувањето.

Во Република Северна Македонија, поради криминализацијата на сексуалната работа, сексуалните работници спаѓаат во категорија на луѓе кои немаат здравствено осигурување. Дури и оние сексуални работници кои имаат здравствено осигурување, се соочуваат со постојната стигма и дискриминација кои се главни пречки во пристапот до адекватни здравствени услуги. Наместо да ги користат јавните здравствени услуги, тие најчесто се потпираат на поддршката на невладините организации како што е Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР.

> *„Недостатокот на финансиски средства продолжува сериозно да го попречува спроведувањето на политиките за јавно здравје. Повеќе од една третина од сите здравствените услуги се плаќаат од џеб, што укажува на квалитетот на здравствената заштита и создава социјални разлики“ – сексуален работник, Република Северна Македонија.*

Сепак, сексуалните работници веруваат во потенцијалните придобивки од УЗП, само доколку се вклучени во дискуиите и планирањето на процесите во неговото спроведување.  Важно е да се врши притисок врз националните влади да ги вклучуваат сексуалните работници во развојот на т.н. „пакети за заштита на УЗП“, а истовремено да се работи на промена на кривичните закони кои ги таргетираат сексуалните работници, со цел да се осигураме дека здравствените услуги ќе бидат реалност за сите до 2030 година.




# Одбележување на 1-ви декември – Светскиот ден на СИДА

Секоја година, на 1-ви декември се одбележува Светскиот ден за борба против СИДА. Се започнало во 1988 година кога Светската здравствена организација за прв пат ги истакнала напорите на светот за борба против ХИВ/СИДА. Овој ден покрај изразување на поддршка за оние кои што живеат со ХИВ, е исто така ден кога се сеќаваме на оние кои ја изгубиле борбата со оваа болест.

Со одбележување на Светскиот ден на СИДА се отвораат можности да се научат фактите за ХИВ вирусот, начините на пренос, да се спречи неговото ширење, навремено да се открива и третира, и секако да се прифати реалноста дека може да се живее со ХИВ.  Обезбедувањето на правото на здравје за сите е од големо значење да се подобри пристапот до адекватни здравствени услуги за клучните популации, кои пак треба да ја имаат главната улога во креирање на превентивните национални ХИВ програми.

Одбележувањето на Светскиот ден на СИДА има големо значење бидејќи ја потсетува јавноста дека борбата против ХИВ/СИДА не е завршена - се уште е потребно да се работи на подигнување на свеста кај јавноста, да се работи на сузбивање на предрасудите и дискриминацијата и секако да се вложат напори во едукација на населението.

Оваа година, по повод одбележувањето на 1-ви декември, Светскиот ден на СИДА, Платформата за одржливост на сервисите за превенција и поддршка за ХИВ информира дека и во услови на криза, граѓанските организации низ државата секојдневно спроведуваат теренски и стационарни услуги за превенција, тестирања и поддршка поврзана со ХИВ помеѓу клучните популации, предвидени со Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција. Покрај справувањето со ХИВ, организациите прават и дополнителни напори за да ја стават постојната инфраструктура за ХИВ во функција на справување со КОВИД-19 преку мобилизирање на дополнителни средства:

Задолжително информирање на корисниците за превенцијата и заштитата од КОВИД-19 и поддршка во искористувањето на постоечките владини мерки;

Обезбедување и дистрибуција на заштитна опрема за корисниците на услугите;

Доставување на редовна терапија за ХИВ до пациентите од другите градови, во соработка со Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, за да се избегне непотребно патување до Скопје на оваа група пациенти, кои се под поголем ризик од КОВИД-19;

Обезбедување симптоматска терапија за корисниците на дрога, како и заштитна опрема и материјали, материјална помош во вид на храна, хигиенски производи, суплементи, лекови и облека за сексуални работнички, бремени жени и новороденчиња, како и Ромки.

Граѓанскиот сектор продолжува да биде клучен партнер во националниот одговор кон ХИВ, и во опфатот на тешко достапните популации со есенцијалните услуги за ХИВ. За да се одржи континуитет на услугите за ХИВ, очекуваме Владата што побрзо да ги предложи до Собранието измените на Законот за здравствена заштита, со што ќе се препознаат граѓанските организации како даватели на услуги од областа на јавното здравје. Овие законски измени се веќе предвидени во Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020) и се основа за подготовка на подзаконските акти и стандардите за услугите за превенција од ХИВ, со кои ќе ги гарантираат одржливоста и квалитетот на услугите за ХИВ, како и услугите за сексуално и репродуктивно здравје.



Во издание на:

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од :

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА